**20180110121**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА АКАДЕМСКА ИСТРАЖУВАЧКА МРЕЖА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јануари 2018 година.

Бр. 08-366/1
15 јануари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА АКАДЕМСКА ИСТРАЖУВАЧКА МРЕЖА

Член 1

Во Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа („Службен весник на Република Македонија“ број 124/10, 47/11 и 41/14), во членот 11 став (5) во точката 7) точката и запирката се заменуваат со сврзникот „и“.

Во точката 8) сврзникот „и“ се заменува со точка.

Точката 9) се брише.

Член 2

Одредбите од членот 11 став (5) точка 6) од Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа („Службен весник на Република Македонија“ број 124/10, 47/11 и 41/14), нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Член 3

Директорот кој е избран во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговиот избор.

На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.